Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25 и 13/25), по барање на група граѓани, за сечење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (чемпрес) што се наоѓа **на ул. "Јуриј Гагарин" позади зградата број 149 на Бул. М.Т.Гологанов – Скопје.**
2.Сечењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило".
4. Се обврзува ЈП Паркови и зеленило, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1 (едно) соодветно дрво, постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исеченото стебло.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Група граѓани, ул. "Јуриј Гагарин" бр. 8а,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/86** од **19.02.2026** година, за сечење на дрвото што се наоѓа **на ул. "Јуриј Гагарин" позади зградата број 149 на Бул. М.Т.Гологанов .** Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвото предмет на барањето е видно навалено под остар агол и опасно да падне и причини материјална и друга штета.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење ( кроење е вид на кастрење при што се прават напори зеленилото да добие естетска форма ) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото е навалено под остар агол, такашто одлучено е наместо отстранетото дрво да се

засади нов садник на парцела кадешто е извршено отстранувањето. Па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.
Бидејќи се работи за јавно зеленило, компензациско садење му е наметнато на ЈП Паркови и зеленило.
**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/86/2**
**25.02.2026** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП “Паркови и зеленило”
-Архива

Виш соработник
**Марија Стојановска**
______________________

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**
______________________
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
______________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**
______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUFIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ), постапувајќи по барање на група граѓани, Градоначалникот на Град Скопје, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.14-6/86/2 од 25.02.2026 година донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
2. Решението бр.14-6/86/2 од 25.02.2026 година донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Постапувајќи по барањето на **група граѓани, ул. "Јуриј Гагарин" бр. 8а - Скопје** овој орган, има направено увид и при тоа е утврдено дека дрвото е видно навалено под остар агол со коренот излезен на површината и постои потенцијална опасност од паѓање и причинување на материјална или друга штета.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине, ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои реална опасност од паѓање на дрвото и причинување на материјална и нематеријална штета, за што исто така постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .
Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број 14-6/86/3
25.02.2026 година
Скопје
**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

изготвил:
Виш соработник
**Марија Стојановска**

контролирал:
**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

Градоначалник на Град Скопје

**Орце Ѓорѓиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP